ОКТА

SZQ-553-002_v01

Бр.0201- 2718/16-3
31.05.2016
Скопје

Врз основа на член 25 став 1 точка 2 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, член 383 став 1 точка 2 и член 384 став 2 точка 2 и член 483 од Законот за трговски друштва, Годишното Генерално Собрание на акционерите на ОКТА АД – Скопје на својот 26-ти состанок одржан на 31.05.2016 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за распоредување на добивката од 2015 година

Член 1

Според усвоената годишна сметка на ОКТА АД – Скопје за годината што заврши на 31-ви декември 2015 година, во 2015 година остварени се следниве финансиски резултати:

- Добивка по оданочување (нето добивка) во износ од 81.173.392 денари.

Член 2

Со оваа Одлука, Годишно генерално собрание на акционери на ОКТА АД - Скопје одлучи нето добивката за 2015 година да се дистрибуира на следниот начин:

- Дел од нето добивката во износ од 61.784.280 денари (односно околу 1 милион евра) ќе биде распределена како дивиденда.
- Останатиот дел од нето добивката во износ од 19.389.112 денари (односно околу 0,3 милиони евра) да се распореди како нераспределена добивка во акумулирана добивка.

Член 3

Одлуката стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

Член 4

Одговорна за реализирање на оваа Одлука е Дирекцијата за финансии и администрација.

Годишно Генерално Собрание на акционери
Претседавач,

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво